# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ДО УЧЕСНИЦИТЕ НА ОБУКИ И НАСТАНИ ОРГАНИЗИРАНИ ОД РБСМ АД СКОПЈЕ

Законот за заштита на лични податоци ја уредува заштитата на личните податоци како основни права и слободи на граѓаните, а посебно правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, тајноста и заштитата на обработката на личните податоци, преносот на личните податоци во други држави и давањето лични податоци на корисници.

Ова известување се однесува на обработката на вашите лични податоци од страна на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, како и за вашите права.

Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, имплементирајќи ги стандардите поставени со прописите за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија и воспоставените интерни акти во Банката.

## ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

Контролор: Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (РБСМ)

Седиште: Димитрие Чуповски бр. 26, 1000 Скопје

Даночен број: 4030998350604

Матичен број: 5240425

Телефон: 02/3115-844

Веб-страница: www.mbdp.com.mk

Е-адреса: info@mbdp.com.mk

Во прилог се наведени општи информации за начинот на кој РБСМ ги користи вашите лични податоци кога присуствувате на настани организирани од РБСМ.

## СОБИРАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА КОНТРОЛОРОТ

Личните податоци кои ги собира РБСМ во улога на контролор, а кои понатаму се предмет на обработка, ги обработува во согласност со прописите што го регулираат подрачјето за заштита на личните податоци.

Вашите лични податоци ги собираме од вас кога:

- потврдувате присуство на настан организиран од страна на банката,
- сте учесник на настан организиран од страна на банката,

## ЦЕЛ И ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Целта на обработката на личните податоци е организирање и управување со настаните на РБСМ (состаноци, обуки, конференции и други настани) во смисла на извршување на нејзините задачи, како и:

- Пријавување лица заинтересирани за учество на настанот;
- Управување со списоците на покани и учесници;
- Управување со превозот за учесниците (на пр. од/до аеродром до/од местото на настанот);
- Управување со контролата на пристапот до местото на настанот;
- Доставување информации, извештаи, публикации и други документи за настанот до поканетите и до пријавените учесници;

- Организирање активности по завршувањето на настанот;
- Споделување содржини за настанот (на пр. аудиовизуелно снимање или пренос во живо) преку канали за комуникација (на пр. социјални медиуми и веб-страници) и внатрешни платформи за вршење пренос.

Личните податоци се обработуваат согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци, посебно член 10 став (1) алинеја 1 со кој се регулира согласноста на лицето за обработка на неговите лични податоци.

## КОИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ГИ СОБИРАМЕ

Информациите што се бараат од Вас служат исклучиво за обработка на Вашата пријава за конференции и настани организирани од РБСМ и се наменети за администрацијата на РБСМ.

***Пред и за време на овие настани, РБСМ може да обработува:***

Информации за контакт на учесниците пријавени на настанот: име и презиме, работно место, институција/компанија, е-пошта, телефонски број и други информации релевантни за организацијата на настанот;

Фотографии, аудио или видеоснимање и веб-пренос на говорниците, учесниците или организаторите, како и писмена кореспонденција меѓу учесниците на состаноците (функција за разговор за време на видеоконференција).

## ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Вашите податоци не ги споделуваме со трети лица, освен во следните случаи:

1. Во случај на ангажирање на даватели на услуги – обработувачи на лични податоци кои се обврзани да постапуваат според упатствата на РБСМ и да обезбедат соодветна заштита на личните податоци при обезбедувањето на тие услуги,
2. По барање на суд, МВР или други органи и тела за вршење на нивните надлежности, доколку постои законска обврска.

## КОЈ ИМА ПРИСТАП ДО ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Обработката на личните податоци ја вршат овластени лица вработени во РБСМ.

Пристап до Вашите лични податоци има само РБСМ и нејзините агенти задолжени за организирање на настаните и хотелите со кои соработува.

РБСМ може да ги користи фотографиите, аудио или видеоснимките од настаните за информирање на јавноста, како и за нивно објавување на веб-страницата на РБСМ.

## МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Работењето и постапувањето на РБСМ во однос на заштитата на личните податоци на учесниците на обуки и настани организирани од РБСМ е целосно усогласено со прописите за заштита на личните податоци во РСМ. Тоа подразбира целосно воведен систем на технички и организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци, како на пример:

- се применуваат строги безбедносни постапки за намалување на ризикот од нарушување на безбедноста на личните податоци како што се неовластено откривање, неовластено пристапување до личните податоци на физичките лица и други безбедносни инциденти;
- опремата/просториите каде што се чуваат личните податоци е лоцирана во безбедна средина со ограничен физички пристап;
- се користат заштитни ѕидови (firewall), силни лозинки, антивирусни програми и други мерки за заштита на личните податоци (на пр., криптирање и псевдонимизација).
- пристап до личните податоци во рамките на РБСМ имаат само овластени лица, при што овластувањата се регулирани во согласност со работните процеси во банката;

- вработените лица во РБСМ се посветени на обезбедување доверливост;
- РБСМ спроведува редовни обуки за заштита на личните податоци за вработените лица со што се обезбедува задоволително ниво на свест во рамките на организацијата.

## РОК НА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Личните податоци се обработуваат во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци. Податоците коишто ги собираме се чуваат во согласност со закон, односно во согласност со Листата на документарен материјал со рокови на негово чување.

По оцена на архивата на РБСМ, некои податоци може да се чуваат подолг период исклучиво за целите на архивирање од јавен интерес, за научни или за историско-истражувачки цели согласно член 86 став (1) од Законот за заштита на личните податоци.

## ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

РБСМ ќе ги обработува Вашите лични податоци, фотографии и аудио или видеоснимки само со Ваша согласност.

Доколку имате дадено согласност на РБСМ за обработка на Вашите лични податоци, имате право за повлекување на согласноста во секое време, без тоа да влијае врз законитоста на обработката којашто била заснована на согласноста пред да биде повлечена.

Вашите права:

- Право на информации и пристап до лични податоци,
- Право на исправка на лични податоци,
- Право на бришење на лични податоци,
- Право на ограничување на обработката на лични податоци,
- Право на преносливост на податоците,
- Право на приговор и автоматизирано донесување на поединечни одлуки,
- Право на повлекување на согласноста

Субјектот на лични податоци на негово барање може да добие информација за тоа:

- дали се обработуваат лични податоци за субјектот подносител на барањето;
- кои категории на лични податоци се обработуваат;
- за кои цели и кој е правниот основ;
- корисниците или категориите на корисници;
- изворите на личните податоци;
- роковите на чување на личните податоци;
- дали се врши пренос на личните податоци во трети земји или меѓународни организации.

За остварување на Вашите права можете да поднесете барање лично или преку полномошник. Образецот се наоѓа на следниот линк:

- Барање за остварување на правата на субјектот на лични податоци
- Полномошно

## ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Доколку имате било какви прашања, забелешки или коментари во врска со ова Известување за приватност, може да ги упатите до офицерот за заштита на личните податоци на РБСМ.